# ДЕКЛАРАЦИЈА

## „Абортусот е право на избор и репродуктивно право на секоја жена"

| |
|---|
| Декларацијата е усвоена од страна на граѓанските здруженија, учесници на Конференцијата "Абортусот е право на избор и репродуктивно право на секоја жена", 11 Февруари 2009 |

***ПРИНЦИП 1: Загарантирано право на сексуален и репродуктивен избор***

**ПРЕПОРАКИ**

► Националното законодавство да ги препознава и заштитува сексуалните и репродуктивните права на секој поединец, вклучувајќи го правото да го избере својот партнер, да избере дали ќе влезе во брачна заедница, дали ќе основа семејство, дали ќе има деца или не и кој ќе биде бројот на деца за кои ќе се грижи

► Владата на Република Македонија доследно да ги почитува сите потпишани меѓународни конвенции, договори и спогодби кои ги гарантираат правото на здравје и правото на одлука кога и колку деца ќе се имаат како потврда и поддршка на правото за безбеден и легален абортус[1]

***ПРИНЦИП 2: Подобрување на пристапот до абортус и гарантирање на правото на избор како неотуѓиво право на секоја жена***

**ПРЕПОРАКИ**

► Да се обезбеди безбеден и финансиски достапен абортус. Да се подобрат здравствените мерки и стандардите за безбеден абортус како и социјалните регулативи за финансирање на абортусот

► Националното законодавството и понатаму да го гарантира правото на избор на жената за абортус. Сите обиди Законот за прекин на бременоста да се ограничи и да се десекуларизира да се отфрлат како предмет на дискусија.

[1] Конвенција за елиминирање на сите форми на дискриминација на жената (член 12 и 16); Меѓународен пакт за граѓански и политички права (член 6 и 9); Меѓународна конференција за популација и развој – Програма за акција (Параграф 7.6 и 8.25); Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права (Член 10 и 12).

***ПРИНЦИП 3: Заштита на достоинството на жените од јавно насилство особено на оние кои ја прекинале бременоста***

**ПРЕПОРАКИ**

► Да се повлече Кампањата на Владата за објаснување на последиците од абортус со која жената се осудува како убиец. Истовремено сите оние кои го искористиле правото на абортус да бидат заштитени од понатамошно дискриминирање и стигматизирање.

►Да се осудат манипулациите со религиозни и националистички реторики кои целат да ги потценат и делегимитизираат репродуктивните права на жените и правото на сопствен избор

***ПРИНЦИП 4: Подостапна контрацепција и намален број на абортуси***

**ПРЕПОРАКИ**

► Да се воспостават државни социјални и здравствени програми со кои секој маж и секоја жена ќе има пристап до бесплатни услуги за планирање на семејството и финансиски подостапна модерна контрацепција

► Да се спроведуваат кампањи за подигање на јавната свест и воспостават подобри здравствено-едукативни програми за превенција од несакана бременост и употребата на модерната контрацепција со цел намалување на абортусите во државата.

***ПРИНЦИП 5: Подобар пристап до информации и услуги за адолесцентите и младите***

**ПРЕПОРАКИ**

► Да се подготви секуларна програма за сексуална едукација и да се воведе како редовна настава во основните и средните училишта

► Да се развијат посебни и подостапни здравствени сервиси за младите од областа на сексуалното и репродуктивното здравје

**Здруженија на граѓани потписници на Декларацијата:**

1. Х.Е.Р.А.-Асоцијација за здравствана едукација и истражување
2. Коалиција за заштита на сексуалните и здравствените права на маргинализираните групи
3. Акција Здруженска
4. Движење за социјална правда – Ленка
5. Национален Совет на жени СОЖМ
6. Здружение за еманципација солидарност и еднаквост на жените ЕСЕ
7. Женска граѓанска иницијатива Антико
8. А.Д.Р.Р. „Сонце‟
9. Невладина организација Виа Вита Битола
10. Здружение на граѓани ХЕЛП Гостивар
11. ЕГАЛ Скопје
12. ХОПС-Опции за здрав живот Скопје
13. Младински Образовен Форум
14. Асоцијација за здрави животни стилови Пулс - Куманово
15. НВО Опција Охрид –Охрид
16. Форум –Центар за стратешки истражувања и документација
17. Македонски Центар за женски права-Шелтер центар
18. Фондација Институт Отворено Општество-Македонија
19. ПДАС Меѓаши
20. НВО ХДЗР „КХАМ‟-Делчево
21. Центар за човекови права и разрешување на конфликти
22. Организација на жени -Струмица
23. „Даја‟- Куманово
24. НВО АМОС - Битола
25. Национална СОС линија за жртви на семејно насилство 15700
26. Македонско женско лоби
27. Кризен Центар „Надеж‟-Скопје
28. Доверба-Скопје
29. За среќно детство
30. Истражувачки Центар за родови студии- Институт „Евро Балкан‟
31. Фондација за локален развој и демократија „Фокус‟-Велес
32. Центар за развој и унапредување на јавниот живот -Тетово
33. ЦДРИ
34. СЕМПЕР –Битола
35. Отворена порта Ла страда
36. Заеднички вредности –Скопје
37. Младински клуб – Штип
38. Организација на жени на Скопје
39. Македонска мрежа за намалување на штети
40. Македонски центар за европско образование
41. Асоцијација за помош на деца под ризик